Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

2025

Извадок на дел од дневните настани 17.02.2025

На 16.02.2025 околу 16.30 часот на патниот правец од Богданци кон село Фурка, дојранско, полициски службеници од Мобилната единица за компензаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции извршиле контрола на товарно возило „ивеко" со струмички регистарски ознаки, управувано од Б.Г.(59) од Струмица. При контролата во возилото биле пронајдени и одземени вкупно 672 парчиња брендирана роба за која не поседувал соодветна документација.

За настанот бил известен јавен обвинител, а лицето било лишено од слобода. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена пријава по член 285 од Кривичниот законик.

На 15.02.2025 во 22.45 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.Д.(31) од Куманово затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 16.02.2025 од страна на полициски службеници од СВР Велес и полициски службеници од Полициското одделение Чашка, со судска наредба, бил извршен претрес во домот на М.Љ.(45) во с.Горно Јаболчиште. При претресот биле пронајдени и одземени пиштол „Црвена застава" калибар 7,65 мм, рамка и шест куршуми за пиштолот. Со лицето бил извршен службен разговор и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.02.2025 во 13.15 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.С.(35) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.02.2025 во 22.10 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од СВР Скопје го приведе Д.В.(28) од Скопје, затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.02.2025 во 23.06 часот во СВР Битола било пријавено дека на патот Битола - Маково, пред мостот на река Драгор, патничко возило „фолксваген поло" со битолски регистарски ознаки, управувано од Н.А.(21) од с.Новаци, битолско, излетало надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 16.02.2025 во 20.45 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на ул.„7-ми Ноември" во Гевгелија се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат добло" со велешки регистарски ознаки, управувано од Ж.К.(70), и мотоцикл „хамачи" со гевгелиски регистарски ознаки, управуван од И.Ч.(18), двајцата од Гевгелија. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Општата болница Гевгелија. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гевгелија.

На 16.02.2025 во 19.29 часот во СВР Велес, од Општата болница Велес било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Б.С.(21) од с.Бузалково, велешко. Според пријавеното, тој се здобил со повредите околу 17.30 часот во селото при превртување на тракторот, кој го управувал во селото.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворска полиција, поднесе кривична пријава против И.Б. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,напад врз службено лице при вршење на работи на безбедноста" по член 383 став 1 од Кривичниот законик. Пријавениот И.Б., вработен како самостоен полицаец - возач во Оддел за специјални полициски операции во Бирото за јавна безбедност при МВР, на 24.01.2025 околу 01.45 часот во ноќен клуб во Скопје агресивно се однесувал кон вработени во обезбедување на објектот, по што и физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против полицискиот службеник и ќе изрече задолжителни мерки да биде суспендиран од своето работно место до завршување на постапката.

На 16.02.2025 во 16.10 часот во охридското село Опеница, полициски службеници од СВР Охрид ги привеле Ш.С.(38) и С.Ш.(29), двајцата од Охрид, кои се сомничат дека претходно во црква во истото село извршиле кражба, при што одзеле пари. По целосно документирање на настанот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кавадарци до Основното јавно обвинителство Кавадарци поднесе кривична пријава против З.П.(57) и Б.П.(34), двајцата од с.Сирково, општина Росоман, поради постоење на основи за сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, поседување и тргување со оружје и експлозивни материи", казнило по член 396 став 1 од Кривичниот законик. На 18.03.2024, при претрес во нивниот дом и помошни простории во с.Сирково, извршен со содуска наредба, биле пронајдени и одземени две воздушни пушки, сигнален пиштол, куршуми различен калибар и други предмети.

ОВР Кавадарци до Основното јавно обвинителство Кавадарци, поднесе кривична пријава против Л.К(51) од с.Ваташа, кавадаречко, поради постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори ", казнило по член 215 став 1 од Кривичниот законик. На 05.10.2024 на улица „Страшо Пинџур" во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци го затекнале пријавениот како во неговото возило користи бела прашкаста материја. Подоцна, бил извршен претрес во неговото возило, дом и помошни простории и хала од работилница, при што бил пронајден и одземен кокаин.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против К.Ш.(35) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „безобзирно управување моторно возило". При радарска контрола во патниот сообраќај, извршена на 25.01.2025 кај месноста „Сушара" во Дебар, полициските службеници утврдиле дека тој управувал патничко возило „фолксваген голф" со брзина од 56 км/ч повеќе од дозволеното, при што постапил спротивно на членот 35 став 3 од Законот за безбедност во патниот сообраќај.

Денеска (17.02.2025) околу 02.15 часот во СВР Скопје, Д.Б.(19) од с.Таор, општина Зелениково, пријавил дека на 16.02.2025 околу 23.40 часот во с.Зелениково, по претходна расправија бил физички нападнат од Е.Б. и В.И. од с.Страхојадица, општина Зелениково, при што В.И. му се заканил и со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2025 во 18.38 часот во СВР Скопје, 43-годишна жена од Скопје пријавила дека на подрачјето на Кисела Вода, нејзиниот сопруг А.Ј., со кого е во бракоразводна постапка, физички ја нападнал и ѝ го скршил мобилниот телефонот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2025 во 15.20 часот во СВР Скопје, Д.Т.(21) од Скопје пријавил дека околу 07.00 часот во дом на негов другар во населбата Ченто настанала физичка пресметка помеѓу А.А. и неговиот другар и при обид да ги раздели бил физички нападнат од А.А., кој, исто така, го удрил и со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2025 во 22.00 часот во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ја пронашле З.Н.(51), за која на 15.02.2025 нејзиниот брат З.З. пријави дека се оддалечила од домот.

На 16.02.2025 во 16.10 часот во ОВР Гостивар, Б.А.(61) од Гостивар пријавил дека во паркинг на трговски центар на улица ,,ЈНА" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.А.(39) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" и „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 20.11.2024 во Гостивар, пријавениот не застанал на знак за запирање и со возило се обидел да удри полициски службеник, а откако бил запрен продолжил да се заканува на полицискиот службеник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Л.(22) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „безобзирно управување на моторно возило". На 31.01.2025 во Дебар, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „мерцедес", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека го управувал без возачка дозвола и под дејство на алхохол.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.И.(37) од с.Добри Дол, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 13.02.2025 на подрачјето на општина Врапчиште, гостиварско, пријавениот со патничко возило „форд фиеста", кое го управувал, не застанал на знак за запирање и при обид да избега, од возилото фрлил кокаин.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против П.М.(59) од Република Бугарија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 31.01.2025 во Куманово, пријавениот довел во заблуда 64-годишна жена дека нејзината ќерка усмртила дете-мигрант и за да ја ослободат, морала да плати одреден износ на пари, при што ја оштетил за 30.000 евра.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ќ.С.(55) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „запуштање и малтретирање на дете". Пријавениот, во континуитет подолг временски период, физички и психички ги малтретирал неговите четири малолетни деца, ги оставал сами, без да им обезбеди основни услови и нега.

СВР Струмица поднесе кривична пријава правно лице од с.Вешала, тетовско, и Р.Х.(54) од Тетово, поради постоее основи на сомнение за сторено кривично дело ,,непреземанье мерки за заштита при работа'' Првопријавеното правно лице и второпријавениот одговорно лице во правното лице, не презеле мерки за безбедност и здравје при работа на работниците, за работни места на градилишта, а како резултат на тоа вработениот Б.З.(60), при вршење на градежни активности – 12.12.2024 паднал и починал на местото на настанот.